**Инфо билтен – декември 2023**




**Повици**

Учествувај во јавниот конкурс на тема: „Одржливи практики во домаќинството кои ги користиш во секојдневниот живот за намалување на јаглеродниот отпечаток” кој ќе трае до 22 јануари 2024 година, преку испраќање на кратко видео или слика со краток опис за одржливите практики кои ги користиш во домаќинството на www.zaednozaklimatskaakcija.mk и добиј една од петте вредни парични награди!

„Еко-свест“ во рамки на своите редовни активности има потреба од ангажирање на агенција за односи со јавност со цел креирање на кампања за подигнување на јавната свест за штетноста од користењето на фосилни горива, вклучително и природен гас врз животната средина и здравјето на луѓето. Линк до повикот.

**#ЗаедноЗаКлиматскаАкција**

Партнерскиот однос помеѓу граѓанските организации и институциите е пресуден за носењето јавни политики од секторот животна средина и клима е главната порака од годинешнава годишна средба на коалицијата за клима.

Погледнете ги 10-те онлајн видеа и разгледајте ја соодветната публикација со совети и насоки за граѓански организации за различни законски одредби од најрелевантните закони кои се опфатени во видеата.

Еко-свест работеше на најновата анализа на CAN-Europe за законите за климатска акција на Европско ниво, со анализа на домашната законска рамка. Скок на линкот и страница 49 за текстот за Македонија.

Програмата за правна и менторска поддршка која ја обезбедуваме заедно со Македонското здружение на млади правници овозможува помош и поддршка на

Проектот “Граѓанските организации во акција за климатските промени” е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.

граѓанските организации за климатски акции и активности. Побарајте правна поддршка на следниот линк.

Доколку имате потреба од помош и поддршка за изготвување писмено мислење или коментар, можете да се обратите до МЗМП преку формуларот на следниот линк.

**Енергија**

Дали на Македонија ѝ е потребна мега фосилна инфраструктура? Прочитајте го нашиот нов блог кој ја објаснува анализата која треба да понуди соодветни одговори.

Започнавме со прикажување на серијал во кој зборуваме на теми поврзани со климатските промени и енергетската транзиција. Покриваме различни аспекти кои се важни за подобро разбирање и справување со климатските промени, од тоа што се фосилни горива и обновливи извори на енергија, преку енергетска транзиција до паметно енергетско планирање и финансирање. Скок до сите 5 кратки видеа.

ЕБРД продолжува да финансира проекти кои промовираат фосилен гас.

**Води**

Еко-свест ги оспори на Уставен суд законските одредби и уредбите кои овозможуваат да се градат мали хидроцентрали само со елаборати за животната средина.

## Заштита на природа

По повод 11 декември - Меѓународниот ден на планината, пренесуваме порака за заштита на Јабланица- една од најубавите планини во Македонија. Не еден, секој ден треба да биде ден на планините. Прочитајте го нашиот најнов блог и зачувајте го нашето природно богатство.

## Еко-свест Вевчани

По повод Меѓународниот ден на заштита на дивиот свет (4 декември), канцеларијата на Еко-свест Вевчани со едукативна работилница со најмладите пренесе порака за потребата и придобивките од зачувување на дивиот свет и нивните природни живеалишта.

**Публикации**

Фондацијата „Хајнрих Бел" и движењето Break Free From Plastic во соработка Еко-свест го објавија првото македонско издание на Атласот за пластиката: факти и бројки за светот на синтетичките полимери.

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.

Историски времеплов. Оригиналниот труд за објава на новооткриениот минерал на територијата на Македонија на Црн Камен, Селечка Планина, Прилеп, наречен Македонит во стручното списание The American Mineralogist, Vol.56, March-April, 1971, p. 387-394.

**Медиуми**

Одгласи по завршувањето на КОП28. Кои се вистинските добитници, а кои губитници? Погледнете ја листата на Гардијан.

Оваа акција може(ше) да биде и во Македонија, но за сега пренесуваме дека Париз почна да ја сади својата прва урбана шума. Бројките на засадени дрвја се импресивни.

**Разно**

Глобалните јаглеродни емисии од фосилните горива се рекордни во 2023 година и покрај напорите на некои држави за нивно намалување и користењето на обновливи извори на енергија.

Посета на Болоња – дали најголемиот репозиториум на климатски податоци може да ни помогне да ја предвидиме иднината? Скок на линкот.

Дали отпадот и она што го оставаме зад нас е слика за тоа кои сме ние? Историски преглед на отпадот во Европа и социолошка анализа на општеството во различни историски периоди. Погледенате ја изложбата.

**Забелешка:** Овој инфо билтен е наменет за меѓусебно информирање за настани, активности и повици на еколошките организации и релевантните институции. Пораката ја добивте бидејќи сте регистрирани на една од GoogleGroups climatecoalitionmk и/или ekosfera. Доколку не сакате да го добивате овој инфо билтен, пратете порака на info@ekosvest.com.mk

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.